# ‚О, луѓе, чувајте се од претерувањето во верата. Навистина оние пред вас пропаднаа заради претерувањето во верата.‘“

Од Ибн Абас, радијаллаху анху, се пренесува: Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, качен на камила, наутро на денот на Бајрам, додека го извршуваше обредот хаџ (аџилак), ми рече: „‚Собери ми камчиња‘, собрав седум од нив и му ги дадов. Пратеникот ги стисна во раката и рече: ‚Вакви камчиња фрлајте.‘ После тоа рече: ‚О, луѓе, чувајте се од претерувањето во верата. Навистина оние пред вас пропаднаа заради претерувањето во верата.‘“
[صحيح] [رواه ابن ماجه والنسائي وأحمد]

Ибн Абас, радијаллаху анху, ни кажува дека бил со Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, утрото на денот на Бајрам кога требало да се фрлаат камчињата на Џемерат ел-Акабе (големото џемре) на прошталниот аџилак. Пратеникот му наредил да му собере камчиња, па тој му донел седум со големина на наут или лешник. Пратеникот ги зел и ги стиснал во својата рака, а потоа рекол: „Вакви камчиња фрлајте.“ Аллаховиот пратеник, алејхи селам, тогаш предупреди од преминувањето на границите и претерувањето во верата. И дека токму овие работибеа причина за пропаст претходните народи.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee